РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-314/2

r./v.

10 -06- 2021

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за сомнеж за корупција од познат подносител на 49-та седница, продолжение одржано на ден 08.06.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-314/1 од 17.01.2020 година доставена од подносителот ---------- -------------- од --------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување по предметот со број 12-314 од 2020 година е оформен по пријава бр. 12-314/1 од 17.01.2020 година.

Предметот со број 12-314 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-314 од 2020 година е оформен по пријава бр. 12-314/1 од 17.01.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од подносителот ---------- -------------- од --------.

Доставената пријава претставува кривична пријава против лицата ------- ------------------ од Скопје, нотар --------- -------------- од Скопје и Н.Н. лице вработено во Агенција за катастар на недвижности, поради сторени неправилности и злоупотреби по однос на договор за подарок на недвижен имот склучен во 1999 година и незаконски се пренело правото на сопственост на имотот кој бил предмет на договорот. Кривичната пријава била насловена до Основно јавно обвинителство, а во копија се доставува и до ДКСК, *што е видно од насловната страна од пријавата каде е делумно избришан насловот.*

Во пријавата се наведува дека предметниот договор бил склучен за подарок на имот стекнат за време на брак на родителите на првообвинетото лице но, без прибавена согласност од неговата мајка, а истиот потоа бил солемнизиран кај наведениот нотар и искористен за пренесување на правото на сопственост на имотот предмет на договорот ама без законски основ и на имот надвор од содржината на договорот за подарок, а што го прибележил и нотарот во актот за солемнизација. Со овој чин, според подносителот на пријавата сторени се злоупотреби од страна на наведениот нотар поради незаконито потврдување во предметот за солемнизација со што придонел за остварување на корист на

првообвинетото лице, а со заверката на предметната службена исправа во која биле содржани невистинити податоци наведениот нотар сторил противправна солемнизација, со што било предизвикано и уште едно незаконито дејствие, фалсификување на деловните книги – службената исправа при уписот во евиденцијата на Катастарот на недвижности. Во врска со предметниот договор била поведена тужба за ништовност од страна на мајката на првообвинетиот, пред Граѓански суд, но во текот на постапката таа починала, по што била поведена оставинска постапка и отворање на тестамент во кој било истакнато дека имотот што ќе и припаднел на неа го остава на нејзината ќерка , односно на подносителот на пријавата поднесена до ДКСК. Но и покрај сето тоа првообвинетото лице го присвоил целиот имот – куќа, двор и земјиште, па затоа била поднесена оваа кривична пријава.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека Државната комисија нема надлежност да се произнесува по однос на иститe и нема основ за свое надлежно постапување по овој предмет, пријавата да се отфрли, а предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :
- Архива и Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК